Трговско друштво
ДИВИЕН ДОО експорт-импорт
Бр. 0201/1-41
22.01 20 18 год.
СКОПЈЕ

Друштво за трговија, обложување и приредување на игри на среќа ГАМИНГ ПРОФЕСИОНАЛ ДООЕЛ
Бр. 02/22-1/2018
22.01 20 18 год.
ТЕТОВО

**Предлози и забелешки**

по **Нацрт**/Предлог Законот за изменување на Законот за игрите на среќа текст на **МФ објавен на 05.01.2018 на ЕНЕР**

**Основ : Консултации со заинтересирани лица точка 5.1 во Извештајот за проценка на влијаниетп на регулативата објавено од МФ на 05.01.2018 на ЕНЕР**

1. Во Законот за игри на среќа (сл.весник 24/11...) во **чл.2** во ст.1 точките 15) и 16) се менуваат и гласат :

15) "**Електронски игри на среќа, се општи игри на среќа кај кој извлекувањето се врши по пат на електронски или механички генератор на случајност, резултатот се пренесува електронски при што фондот на добивки не мора однапред да биде одреден** "

16) "**Видеолотарија е електронска општа игра на среќа која се игра на видеотерминали ВЛТ кои се поврзани со електронски контролирана мрежа,при што резултатот ( одлуката за добивка или загуба) се генерираат со помош на електронски или механички генератор на случајноста ( генератор на случајни броеви) исклучиво на еден централен сервер( од страна на централата на приредувачот на игри на среќа)** "

точката 17 се брише и се додаваат две нови точки 17) и 18) кои гласат :

17) "**Лотариски самопослужен терминал е уред само со лотариски игри на среќа на кој може да се врши уплата со автоматско издавање потврда и да прикажува игри само на општи игри на среќа. Уредот не смее да прикажува игри на среќа како кај посебните игри на среќа** "

18) "**Виртуелни игри на среќа се вид на електронски игри на среќа кај кои извлекувањето се врши по пат на електронски генератор на случајноста со однапред познати случувања и резултатот се пренесува електронски при што фондот на добивки мора да биде однапред определен**"

2. Во **чл.39** во Законот за игри на среќа во ст.2 наместо точка да се стави запирка и да се додаде следниот текст :

**"односно надоместокот од 23% од чл.79 од овој Закон за ВЛТ апарати"**

3. Во **чл.49** во Законот за игри на среќа, да се предвиди нов став 2 кој гласи :

**"Трговско друштво од ст.1 на овој член, има обврска да плати надоместок за приредување електронски игри на среќа во износ од 78.000 евра во денарска противредност по среден курс на НБРМ"**

**Доколку предлагачот инсистира на повисок паушален износ од 10.000,00 евра за секоја наредна деловна просторија тогаш стапката за персонален данок да остане непроменета како досега.**

8. Во **чл.15** и **чл,16** од Нацрт текстот на предлагачот за изменување на законот **да се бришат, односно ставовите (4), (5) и (6) во чл.88 и членот 89 од Законот да останат НЕПРОМЕНЕТИ.**

9. Во новиот **чл.147** во Нацрт текстот на законот за иизмена на предлагачот, во став 1 после зборовите **"игри на среќа"**да се додадат следните зборови **"електронски игри на среќа и ВЛТ апарати, по претходно доставено писмено барање за видот, бренд-производителот и за техничките спецификации за апаратите од приредувачите на игри на среќа"**

Во истот член во ст.3 алинеја 3 во НАцт текстот на предлагачот за измени на законот, после зборот "игри" да се избрише точката и запирката и да стои запирка по која ќе се додаде следниот текст :

**"и докази дека друштвото не е капитално и управувачки поврзано со билокој приредувач на игри на среќа во РМ" ( алтернатива : да се избрише целосно оваа алинеја, односно изјава;)**

Во истиот член и став, во алинеја 4 наместо точка и запирка да стои запирка и да се додаде следниот текст :

**"од сите бренд-производители, определени во писмените барања од став 1 на овој член на приредувачите"**

Во истиот член и став во Нацрт текстот на предлагачот за измени на законот да се додадат ушре две нови алинеи кои гласат :

**"- Да достави ценовник за продажба и за закуп на апаратите, претходно писмено утврден во преговори со приредувачите, кои доставиле барање за потреби од апарати од став 1 на овој член за купување, односно закуп на апарати"**

**"- ќе издаде обрзница/корпоративна гаранција дека апаратите ги исполнуваат бараните софтверски, технички и машински спецификации иипритоа обврзно да биде извршено предавање на "сорскод" за купениот-издадениот апарат "**

**10.** Во новиот **чл.147б**во ст.1 во Нацрт текстот на предлагачот, да се измени **"три"** со зборот **"шест"**, а во ст.2 во истиот овој нов член бројот **"200.000"** да се замени со бројот **"2.000"**.

**11.**Во **чл.147а** ст.2 во Нацрт текстот на предлагачот, да се измени бројот **"2.500.000"**со бројот **"20.000"**, како за акционерски друштва и да се замени точката со запирка и по неа се додаде следниот текст :

4. Во **чл.54** во Законот за игри на среќа да се измени и да гласи :

**"За приредување на електронски игри на среќа приредувачот на игри на среќа плаќа месечен надоместок од чл.79 од овој Закон и е обврзно да се постави и се поврзе со Управата за јавни приходи со надзоредн информативен систем како од чл.82 од Законот"**

Напомена : Соодветно на предложените измени во овие два члена да се усогласат останатите одредби.

5. Во **чл.57** во Законот односно во **чл.8** од Нацрт текстот на Законот за изменување, на предлагачот, наместо точка да се стави запирка И да асе додаде следниот текст :

**"односно ако тоа растојание е помало, приредувачот е обврзан да стави рекламен билборд пред просторијата на видно место со димензии 150cm x 150 cm со натпис дека се забранува влез и играње на лица помлади од 18год. и дека обврзно се врши легитимирање при влегувањето, како и да финансира најмалку 2 обуки во годината за промоција на забраната за учество на младите во училишта"**

6. Во **чл.73** и **чл.86** од Законот односно во **чл.10** и **чл.13** во Нацрт текстот на предлагачот за изменување на законот, наместо точка да стои запирка И да се додаде следниот текст :

**"односно ако тоа растојание е помало, приредувачот е обврзан да стави рекламен билборд пред просторијата на видно место со димензии 150cm x 150 cm со натпис дека се забранува влез и играње на лица помлади од 18год. и дека обврзно се врши легитимирање при влегувањето, како и да финансира најмалку 2 обуки во годината за промоција на забраната за учество на младите во училишта"**

7. Во **чл.87** во Законот односно во **чл.14** во Нацрт текстот на предлагачот, да се измени предложената измена и да се замени со следниот текст : **"зборот "шест" се менува со зборот "десет" години и се однесува само за една деловна просторија, а за останатите простории се издава решение согласно чл.88 ст.4 , 5 и 6 од овој Закон"**

Во истиот член да се додаде нов став 3 кој ќе гласи :

**"За Решение за секоја наредна деловна просторија, приредувачот плаќа дополнителен лиценцен надоместок во износ од 10.000,00 евра во денарска противредност по среден курс на НБРМ. Во случај на затворање на деловната просторија, во пократок рок од 1 год, надоместокот се враќа во спротивно не се враќа"**

**Алтернатива на овој член : покрај надоместокот од 10.000,00 евра се предлага корекција на стапката со зголемување на персоналниот данок од 10% на 12-14%.**

**промовираат и вршат обука за "самоисклучување од игра", и за промоција на забраните да играат помлади лица од 18 год и за социјално загрозени лица и за групи.**

**Заинтересирана страна**

**Приредувачи на игри на среќа :**

- **Гаминг Професионал ДООЕЛ – Тетово**
- **ТД Дивиен - Скопје**

**"или јавно трговско друштво во кој случај нема обврска за најмал износ на главнина"**

**Алтернатива 1 :** сите три нови члена **(147а, 147би 147в)и во членот 2 (** новата точка 2б) дистрибутер во Нацрт текстот, **ДА СЕ ИЗБРИШАТ** и да се предвиди во чл.86 во ст.3 во Законот дополнување со нова алинеја која гласи :

**"дека приредувачот на игри на среќа во автомат клубови при првата употреба на нов апара е должен да достави потврда или сертификат за потекло од производителот од земјите на ЕУ и доказ дека во моментот на поставување не е постар од 3 години од неговото производство"**

Во чл.19 и чл.20 нацрт текстот на предлагачот за измена на законот соодветно да се усогласат со новите предложените измени дадени во алтернативата 1 во овие предлози.

**12.** Во чл.21 во Нацрт текстот на предлагачот за измена на Законот да се додаде нов став кој гласи :

**"апаратите кои се веќе во употреба пред доднесување на законите за изменување И дополнување на законот за игри на среќа и забавни игри, остануваат во понатамошна употреба, ако за истите при првата употреба се издадени уверенија за техничка исправност од Министерството за финансии преку овластеното лице од чл.138 од законот"**

**Во употреба може да се пуштаат и дистрибуираат апарати и од домашен производител. Под дистрибуција се подразбира и издавање под наем, по ценовник однапред утврден со приредувачите на игри на среќа од нивните изјави за прифаќање понуда.**
**Договорите за закуп не смеат да содржат одредби премногу строги за приредувачот, дистрибутерот е должен да назначи на договорот дека тој го изготвил формуларниот обрзаец за договор, во спротивно се ништовни, и во договорите не смеат да бидат внесуваани дополнителни сокриени трошоци кои не се поврзани со дејноста на дистрибутерот, како на пример трошоци за осигурување, други трошоци и сл. ниту смеат да имаат строги одредби за договорни казни за приредувачот.**

Нов предлог :

**Да се олесни административната постапка за издавање лиценци и решенија преку воведување "молчежето е дозвола" со пропишување образец за однапред дадена изјава дека лиценцата се смета за издадена ако во пропишаниот рок ќе биде издаден обрзец за лиценца/решение.**

**Трговското друштво од чл.26 и чл.29 од приходите од новопредложениот надоместокза приредување електронски игри насреќа и данок, да се пропише одредба за наменска сметка во Централен буџт, за финансирање на НВО кои се**

обврска за посебна давачка само од 4% од претходно наместо од 23% како кај посебните игри на среќа. Поттикнувајќи и регулативно одржувајќи ја неправедната и нерамномерната либерализација на електронските игри на среќа оди во корист само за еден приредувач на игри на среќа на целиот пазар, индиректно ги намалува и дополнително ќе ги намали приходите во буџетот на РМ кои ги плаќаат другите приредувачи на посебни игри на среќа, што е на штета на корисниците, граѓаните на РМ и буџетските наменски корисници во областа на социјално, спорт, здравство и сл.
Од бројот на апарати кои се ставени во употреба во Рм во последните 3 години за посебни игри на среќа и за електронски игри на среќа, се констатира дека преку 80% од зголемениот број играчници или простори во кои се истите поставувани, отпаѓа на овие два приредувачи на игри на среќа. ВО номинален број тоа би изнесувало околу 4000-5000 апарати од вкупниот број. Ако се има предвид дека и остатокот од 2500-2800 апарати кои се ставени во употреба кај 80% други приредувачи на посебни игри на среќа, се од истиот производител, дистрибутер, јасно произлегува дека со предлозите за измени на чл.147 а,б и в и измената на чл.87 и 89, како и на чл.5,7 и 88,87 и 89, само ќе го алоцира зголемувањето на простории на начин што ќе се намалуваат локали на посебни игри на среќа, а ќе се зголемуваат на електронски игри на среќа, БЛТ и самопослужни апарати, што ќе го наруши принципот на забрана на малолетни деца да имаат достапност до игрите на среќа, односно нема да се оствари целта за која се предлага донесувањето на измената на законот.

Од друга страна тоа ќе го зголеми нелегалното приредување на игри на среќа, кај кое државата нема контрола како кај посебните игри на среќа преку НИС-от.

1. Од вкупен број на автомат клубови околу 200 до 220 во периодот од практичната примена на постојниот закон 2014год, до денес се затворени 6-7% од автомат клубови.
2. Од вкупниот број апарати кои се во моментална употреба во употреба се 80-90%, нови апарати кои кога се ставени во прва употреба биле НЕ постари од 1година што се потврдува од сметководствените евиденции на правните лица, приредувачи на игри на среќа во автомат клубови;
3. Лиценцираните автомат клубови во моментот употребуваат технички исправни апарати, што го потврдува овластеното лице на Министерството за финансии со годишни решенија кои се доставувани на Министерството и се содржат во досиеата;
4. И покрај издадените лиценци со кои државата се обврзала со пропис за посебен надоместок да изнесува првично 20% од приходот, во 2016год. како последица на сосема други неекономски цели ( предизборни цели) од тогашната влада, **без анализа и без јавна расправа и без консултации** со субјектите кои вршат дејност и кои инвестирале големи финансиски средства со огромен ризик од неизвесноста за нивен поврат, државата го зголеми надоместокот до 23% од вкупниот приход во секој месец ;
5. Во преодната година на стар во нов закон, во 2013 год. кога беа во примена фиксни паушални давачки за приредувачите, во 2014 год. кога стапи примената на НИС од УЈП, новиот систем со електронско дневно евидентирање, покажа неколку пати

**Образложение :**

Напомена : составен дел на образложението е Прегледот на начинот на регулирање во земји од регионот во врска со условите и начинот на ставање во употреба на апаратите во автомат клубови ( корпаративен метод)

Фактички состојби на употреба на апарати :

А)Во последните 3 години од само трговското друштво, единствен приредувач на електронски игри на среќа во РМ, се поставени околу 1300 апарати за игри на среќа ВЛТ (видео лотариски терминали).
Сите овие ВЛТ апарати се поставени во простории на субјекти кои вршат друга дејност, или угостителски објект или просторија во која МИнистерството одобрило приредување на посебни игри на среќа

В) Околу 80 % од вкупниот број апарати ( 5000 до 5045) во автомат клубовите се само од еден меѓународно познат австриски производител ( со значителна доминантна пазарна изложеност), а остатокот од околу 20% отпаѓаат воглавно на три други познати бренда, два од австрија и еден од регионот.
Во периодот од донесувањето на законот за игри на среќа во 2011 до денес, пазарно-доминантно изложениот производител во земјава, ставил во употреба околу 1800-2000 апарати на неколку приредувачи на посебни игри на среќа во автомат клубови; кои се во негова сопственост и на тој начин е капитално и управувачки поврзан, со неговото друштво регистрирано само за продажба, увоз и изнајмување, лизинг на опрема.

Изложените факти од точка А) и Б), во последниот период од донесување на законот и неговата примена, покажуваат значително зголемување на пазарот на приредување игри на среќа со апарати во посебни и електронски игри на среќа, направено од наведените два субјекта.
Оттаму предлозите на предлагачот за измена на законот, остануваат во корист само на приредувачот на електронски игри на среќа познатите апарати ВЛТ, со континуирано намалување на обврските, кое претходеше и во неколкуте измени на законот пред најавата за измена ( се укина обврската за најмала главнина, се укина обрвска за обезбедување, гаранција од 150.000 евра за електронски приредувач на игри на среќа, не се пропиша НИС кога се воведе чл.21б, се воведе и недефиниран однос на приредување електронски игри на среќа кај субјекти кои вршат друга дејност( не е позната која е таа дејност, дали се судира со условите за вршење на таа дејност или со условите за вршење на дејност приредување електронски игри на среќа и сл. ) ) со договорот предвиден во измената со чл.21 а, ст.3 и сега со измената да не се предвиди санкција за забраната за пренос на правото од чл.7 ст.5 на приредувачот на електронски игри на среќа, со цел да се разграничи каква природа е договорот од чл.21 а, ст.3 во законот кој му дава неприкосновено право на овој приредувач да поставува апарати за коцкање спротивно на целта и причините за кој се изработува најавениот предлог закон за измена на законот.
Таквите измени одат само во корист на приредувачот на електронски игри на среќа кој во земјата е единствен државен монопол и на другото правно друштво кое со него е во содружнички однос. Тоа оди на штета на приходите на буџетот, за нив е пропишана

пропише обврска секој приредувач да набавува самиот апарати со услов да обезбеди продавачот потврда за потекло и фактура од кои ќе се утврди дека не се постари од 3 години.

9. Приредувачите се најкомпетентни да го утврдат видот на апарат, неговите спецификации, технички карактеристи и брендот кој се употребува во досегашниот дводецениски период во РМ. Оттаму неуредувањето посебни услови со кои тие барања на приредувачите ќе се обврзе дистибутерот и нивните ценовници не само што може да доведе до пад драстичен на државните приходи од промената на видот на апарати со избор на друг бренд или тип апарати за дистрибуција туку и може да го намали нивниот технички и економски квалитет, високи трошоци за лиценци и краткиот тригодишен период што ќе создаде и нов монопол кој ќе ја наруши конкуренцијата според прописите за заштита на конкуренцијата, предложените услови за избор на дистрибутер не гарантираат недискриминтирачки третман и непосредно одлучувачко влијание на субјектите кои го финансираат тој увоз и дистрибуција. Затоа се дадени предлози за измени во условите за докази за капитално управувачко вертикално или хоризонтално, неповрзување со субјекти ќерки кои приредуваат игри на среќа како и за случајот во моментот со неколку приредувачи и продавачи на опрема во РМ.
10. Воведувањето самопослужни електронски апарати и ВЛТ за државното друштво лотарија се врши алокација на негативните влијанија на коцкањето врз околната градска средина од досега во точно контролирани и претходно одобрени простории, кладилници или автомат клубови во простории од било кој вид било кафичи, маркети, бензиски пумпи и сл. Таквиот приод ги повредува условите за вршење на други дејности, трговија, угостителство и сл. за кои не е дозволено ниту уредено поставување такви апарати.
11. Досегашните аналитики покажуваат дека просечниот придох од апарат на ниво на цела држава во автомат клубовите изнесува околу 1.000 евра додека кај апаратите во казината на југот на државата изнесува 2.500 евра. Тоа укажува дека туристичкиот наплив на играчи од Грција е повеќе од 90% додека во внатрешноста и северот на државата е обратно, во автомат клубовите околу 85-90% приходи се од домашни учесници, другите се странци. На овој начин структурата на играчите во овие два дела на државата ја детерминираат дијаметрално различни потрошувачи а со тоа и различни видови на апарати на кои истите повеќе години се научени да играат.
12. Во ниту една од земјите на Западен балкан, Хрватска и Словенија не е познат моделот да се воведува лиценциран субјект за дистрибуција. Во неколку од државите од Западен балкан се пропишани само услови апаратите да не бидат постари од пропишаниот рок со закон кога ќе се увезат за прв пат или купат од домашен производител. Одредувањето со лиценциран субјект кој ќе се увезува од страна на влади на држави не е познат модел и истиот се противи на директивите на 2009/123 за слободна трговија на услуги и на договорот за слободна трговија на стоки, каков е увозот и дистрибуцијата. Имено, спротивно на целите и директивите

поголеми приходи за државата кога државните намети се пропишуваат во процентуален или рамномерно распореден метод од паушално одредениот ; Во таа смисла одредувањето лиценцен надоместок и лиценца за секој нов локал нема да ги даде очекуваните приходи за државата а ќе го зголеми нелегалното приредување игри на среќа;

6. Предлогот да се плаќа износ од 78.000 евра лиценцен надоместок за секој клуб ќе ги укине легалните, а ќе ги зголеми нелегалните локали зошто истиот претставува 700% зголемен износ од сегашниот износ како надоместок за лиценца.
7. Монополскиот протекционизам кон државната лотарија, како е досега поставено без да плаќа надоместок за лиценца, без да плаќа надоместок посебна давачка од 23% и без да плаќа персонални давачки од игри на среќа, и сега со предложените електронски игри на среќа од видот самопослужни апарати ВЛТ и сл. Таквиот концепт не само што не донесе поголеми приходи на државата, туку и ги намали приходите, бидејќи повлече дел од потрошувачите во автомат клубовите со што ги спречи истите да остварат оданочливи приходи од 23% и персонален данок ; од друга страна воведувањето на новата електронска игра со поставување на самопослужни апарати ВЛТ, без строги обврски за одалеченост од школи, јавни места и нивно поставување во непропишани просторни места во кои се вршат други дејности, не само што го руши концептот и целта за која се донесува предлогот за ограничување на просторно ширење на играчниците подалеку од школи и деца под 18 год. и општо ширењето на овој вид услуга, туку и е неправеден зошто државната лотарија е дозволено да ја крши и повредува забраната со закон. Сепак јавниот интерес на државата е приоритетен и пред финанскиот интерес на едно негово претпријатие за кое не се ни пропишани транспарентни обврски за објавување на своите приходи, обврски и услови за работа, а работи со државно ограничување дури на штета на посебните игри на среќа; особено, која е основата на ова претпријатие, својот приватен партнер го здружи на нетранспарентен начин без јавен повик и со дискриминирачки начин без да овозможи учество на други приватни партнери да се натпреваруваат подеднакво. Укинувањето на Монополот на ова претпријатие на двапати беше одложувано.
8. Според чл.7 од Законот, дејноста приредување игри на среќа е пропишана за право на државата. Не е јасно од каде произлегува дека право на увоз и дистрибуција на апарати и тоа само за едни приредувачи на дискриминирачки начин во предлог законот е право на владата да дава лиценца. Приредувачите како правни субјекти на пазарот се субјекти кои со своите лични средства ги купуваат или закупуваат апаратите со кои работат со што како на претприемачи, уставот им гарантира слобода на претприемништвото и избор на економски настани. Самиот увоз и дистрибуција на апарати за кои не се и не можат да се пропишат за јавен интерес ниту за општ интерес за државата, за да се оправда одлучувачкото влијание на владата при набавка и дистрибуција на стока, кои друго лице ги плаќа е повреда на рамноправноста и еквивалентноста на взаемните давања. Иако повеќе од 80% и досега се употребувани апарати не постари од година дена, доволно е да се

Во прилог на образложението доставуваме и Преглед на регулативи во земјите во регионот во врска со условите и начинот на поставување на апарати во употреба во автомат клубовите.

Заинтересирана страна

Приредувачи на игри на среќа :

- Гаминг Професионал ДООЕЛ – Тетово
- ТД Дивиен - Скопје

е државните тела или влади да пропишуваат доделување, овластување лиценци за услуги кои не се од јавен интерес а немаат ни пошироко општ јавен интерес за граѓаните ниту јавна услуга;

13. Досегашниот опсег на регулирање на бројни одредби за забрани за учество на лица помлади од 18год. во играчници веројатно не ги задоволува погрешните перцепции за овој проблем па со простото зголемување на должината на одалеченост, предлагачот се надева дека ќе го среди или ќе го ублажи гледиштето дека зголемениот број локали за игри на среќа го нарушуваат моралот на младината. Имајќи предвид дека предлагачот и сега со овие измени повторно ја одлага либерализацијата на интернет игри на среќа за да му обезбеди монопол за рок од две години за интернет игри на среќа на државното претпријатие, странските интернет игри на среќа на домашните компјутери и мобилни телефони значително го алоцираат овој вид на лица помлади од 18 години, а на тој начин државата не само што не пропиша услови туку и ја одложи примената на реализацијата и услови кога интернет сообраќајот е преполн и згора на се и ударни блогови на реклами става државното претпријатие за игри на среќа. Според тоа погрешна е претставата дека зголемениот просторен развој на автомат клубови и кладилници доведува до нарушување на моралниот и социјалниот развој на младината во државата, тој е во домовите на компјутерите со кои децата играат сами неконтролирано. Од друга страна предлагачот не го регулира неконтролираниот пристап на странските приредувачи на интернет игри на среќа кои вршат огромен одлив на девизи од државата, но и од државни приходи за давачките со намалени приходи на приредувачите од кои исплатува посебна давачка поради нелојалното приредување игри на среќа од странски интернет страници.
14. Начинот да се пропишат строги услови за вршење на дејност и високи однапред платени надоместоци без еднаков ризик за државата да ги врати ,ако не оди дејноста во одреден клуб прераснува само врската назад во поранешниот период на зголемување на диви играчници над кои ниту државата има контрола за тоа кои лица играат каде се одржуваат и губи одредени средства.
15. Со предложените измени, лиценцираниот надоместок ќе изнесува 700% повеќе, значи за толку е зголемувањето на товар само на приредувачите, кои вршат дејност и се мултиплициран даночен обврзник, кој обезбедува средства за државата и останатите корисници на средства од игрите на среќа. Ако се земе предвид дека персоналниот данок на игри на среќа е ист подолго време а истиот е 10% веке десетина год. , а се работи за приход од "порок", а не стопанска дејност, најефективните резултати ќе биде предвидување на двојно понизок износ од лиценцниот надоместок од чл.87 за секој нов нареден локал 39.000 евра а да притоа се зголеми стапката на персоналниот данок од игри на среќа на 12-14% кои ќе обезбедат исти приливи во буџетот како и полниот надоместок од 78.000 евра како во предлог законот. Притоа ќе се спречи брзиот раст на зголемување на локали а нема да се создадат диви и ќе се наполнат приходите на буџетот до полн износ.

**Член 69**

I. Автоматите што прв пат се поставуваат во употреба не можат, во моментот на нивно поставување, да бидат постари од година дена од денот на нивното производство.
II. Не е дозволен увоз на апарати кои не ги исполнуваат условите од ставка 1 од овој член.

**3. Федерација Босна и Херцеговина**
( Закон за игри на среќа- Сл. Весник (“SluzbenenovineFederacijeBiH”) бр. 48/15 и 60/15)

Во делот игри на среќа за автомати, во Чл.101 се образложуваат условите за автомати на среќа:

**Член 101**

I. Секој автомат за игри на среќа што се поставува прв пат во употреба не смее да биде постар од година дена, сметајќи до денот на поднесување барање за издавање на одобрување.
II. Приредувачот е должен да пријави во Министерството и УЈП најкасно седум дена пред секое поставување во употреба, повлекување од употреба како и преместување на автоматите за игри на среќа.

**4. Република Црна Гора**
( Закон за игри на среќа – Сл.Весник (“Sl.list RCG”)- бр. 52/04 од 02.08.2004, Сл.весник(“Sl.list RCG”) бр.13/07 од 18.12.2007 ,73/10 од 10.12.2010, 40/11 од 08.08.2011 )

Во дел V – Услови и начин на поставување во употреба автомати и маси за игри на среќа во Чл.64 се образложува следното :

Член 64

I. За автомати за игри на среќа, што прв пат се поставуваат во употреба, приредувачот на игри на среќа е должен на правното лице одговорно за технички преглед да му ги даде на увид гаранцијата и потврдата од производителот на автомати, дека ги исполнуваат меѓунардоните стандарди на квалитет.

**Прилог 1** : Преглед на регулативи од земјите во регионот на Поранешна СФРЈ во врска со условите и начинот на поставување на апарати во употреба

**1. Република Хрватска**

(Закон за игри на среќа – Сл.весник ("Narodnenovine") бр.87/09, 35/13, 158/13, 41/14, 143/14)

Условите и начинот за поставување во употреба на автомати и маси за игри на среќа се образложени во Чл.62 и Чл.63 од Законот за игри на среќа, односно :

**Член 62**

I. Правните лица кои изнајмуваат автомати и маси за игри на среќа мораат да имаат регистрирана дејност за изнајмување автомати и маси и соодветно овластување од производителот, додека на Министерството за финансии должни се еднаш во месецот да доставуваат извештај со попис на приредувач, број на автомати и маси, како и податоци за автоматите и масите кои се дадени на наем.

II. Автомати и маси за игри на среќа што прв пат се поставуваат во употреба, во моментот на нивно поставување не смеат да бидат постари од година дена од денот на нивното производство.

III. За потреби за тестирање, приредувачот има право на привремен увоз и поставување во употреба најмногу 10% од вкупниот број на автомати и маси, што приредувачот ги има во употреба, и тоа најдолго три месеци.

**Член 63**

I. Автомати и маси на кои што се приредуваат игри на среќа мораат да бидат технички исправни, а контролните уеди за уплата, исплата, програмски плочи и игри, како и делови кои влијаат на резултатот на играта мораат да бидат пломбирани. Потврди за техничка исправност издава правно лице овластено за извршување на технички преглед.

**2. Република Србија**

(Закон за игри на среќа – Сл.весник("Sl.glasnik RS") – бр.88/2011 , 93/2012...)

Посебните услови за автомати за игри на среќа се образложени во Чл.69 од Законот за игри на среќа :

**5. Република Српска**

( Закон за игри на среќа – Сл.весник (“Службени гласник Републике Српске”) бр. 28/94)

Во Законот за игри на среќа во Република Српска, не се утврдени услови и начинот за поставување прв пат во употреба автомати  за игри на среќа.